На 08.06.2016 година во архивата на Макпетрол АД Скопје доставен е допис насловен како „намера за превземање„. Управниот одбор на Макпетрол АД Скопје на седница одржана на 09.06.2016 година го разгледа дописот и костатира дека, по истиот не може да постапува од причини што не е доставено полномошно за подносителот и потребната документација за идентификација на лицето кое има намера за превземање согласно Законот за превземање на акционерските друштва

Макпетрол АД Скопје за „намерата за правземање“ првпат доби сознание со добивањето на дописот и **никогаш немал контакти со лицето** кое, со некомлетна документација, има пројавено ,,намера за превземање’’.

Во продолжение е соопштение објавено од страна на **Македонска берза** за хартии од вредност во кое се наведува дека, не може да се утврди легитимитет на ополномоштеното лице за да настапува во име на Друштвото, кое со некомплетна документација пројавило ,,намера за превземање’’.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ВРСКА СО НАМЕРА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ**

четврток, 09 јуни 2016

На 09.06.2016 година во дневниот весник „Утрински весник“, на страна 19, е објавена Намера за преземање на Макпетрол АД Скопје од страна на друштвото Balkan Petroleum Holding Limited од Лондон, Велика Британија, по цена од 25.908 денари за една акција, преку ополномоштено лице Петар Стојановски. Во објавата е наведено дека истата е направена согласно член 22 став 1 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Допис со иста содржина е доставен и до Македонска берза АД Скопје. Со цел постапување согласно Законот за преземање на акционерски друштва, но истовремено имајќи предвид дека со добиениот допис не е доставено соодветно полномошно врз основа на коешто би се утврдил легитимитет на ополномоштеното лице да настапува во име на друштвото Balkan Petroleum Holding Limited, Берзата за истото ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.